*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2024 ГОДИНА СО ДОПОЛНУВАЊЕ И ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку пет ТВ програмски сервиси и тоа: еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на кој се емитува програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата, како и на три нови телевизиски програмски сервиси - МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот карактеристични за тековната година, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна програма и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во идниот период се планира и започнување со работа на нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците

и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и/или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи и достави до Собранието на РСМ  Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за 2024 година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за 2024 година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи исто така за исполнување на програмските цели. Финансискиот план, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2024 година, се изработува врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности и тековните потреби како и врз база на планираните или очекувани активности, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

Меѓутоа, во рамки на редовното работење на МРТ, а согласно потребите кои се јавуваат тековно, потребно е да се направи корекција на дел од планираните износи како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи за 2024 година (намалување/зголемување), односно нивно усогласување со актуелните активности. Имено, во изминатиот период од страна на ЈРП МРТ во повеќе наврати им беше укажувано на надлежните институции за нивното непочитување на одредбите од Законот за ААВМУ во врска со финансирањето на радиодифузната дејност а со тоа и на тековното работење на МРТ, како и на фактот дека континуираното кратење на законски утврдените средства негативно влијаат на работата на МРТ односно на нејзината финансиска состојба и ликвидност. Оттука, по повеќе безуспешни обиди и

писмени укажувања упатени до надлежните институции, во тековната 2024 година МРТ ангажираше овластени вешти лица кои извршија анализа и вештачење за неисплатените средства за 2023 година при што беше утврден износот кој државата и го должи на МРТ по основ на финансирање на радиодифузна дејност, а потоа од страна на ЈРП МРТ е започнат судски спор против МИОА / Министерство за дигитална трансформација кој има за цел наплата на неисплатните средства кои на МРТ и следуваат согласно закон. Во текот на судската постапка, а со цел изнаоѓање на заедничко прифатливо решение и кратење на непродуктивни судски, адвокатски и трошоци за камати, произлезе можност за преговори од кои пак произлезе договор за склучување на Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација согласно која на ЈРП МРТ во идните четири години (2025-2028 год.) ќе и бидат исплатени заостанатите неисплатени средства за 2023 година кои се во износ од 235.019.306 денари. Меѓутоа, со оглед на фактот дека средствата во износ од 80.000.000 денари како прва рата од Вонсудската спогодба, согласно Одлуката за распределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, донесена на Пленарна седница на Собранието на РСМ, на МРТ ќе и се исплатат до крајот на месец декември 2024 година, се јави потреба од измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година со дополнување и пренамена на средства.

Исто така, согласно Законот за ААВМУ а до крајот на 2024 година, на ЈРП МРТ дополнително ќе и бидат исплатени и средства во износ од 47.000.000 денари за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој.

Со средствата од споменатите ставки ќе бидат дополнети планираните приходи за 2024 година а истите ќе бидат распределени и во делот на расходи за 2024 година и тоа кај ставките кај кои има најнеопходна потреба.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2024 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност а по усвојување на последните измени во Законот за ААВМУ (Сл.весник 154/23) кои директно се однесуваат на измена на процентот и износот на финансирање на радиодифузна дејност и каде е наведено дека за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојат средства во износ од 1% од реализираните даночни приходи во државата, се планираат во износ од 1.141.336.000 денари.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**

Од причина што до сега, за непречено одвивање на сите активности во рамки на тековното работење, средствата за финансирање на радиодифузна дејност беа далеку од потребните, во изминатиот период ЈРП МРТ беше поддржувана од страна на државата со финансиски средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој. Овие средства беа планирани и во Финансискиот план на МРТ за 2024 година но, согласно Буџетот на РСМ за 2024 година значително намалени односно, во износ од 50.000.000 денари. Меѓутоа со оваа измена на Финансискиот план за 2024 година а во согласност со Предлог на одлуката за распределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, средствата кои согласно Законот за ААВМУ МРТ ќе ги добие до крајот на годината а по основ на постигнување на повисок степен на програмски и

техничко технолошки развој ќе бидат дополнети со 47.000.000 денари односно, истите сега ќе изнесуваат вкупно 97.000.000 денари.

Во овој контекст од големо значење е да се напомене дека државните институции конечно ги почитуваат одредбите од Законот за ААВМУ во врска со финансирањето на радиодифузната дејност и редовното работење на ЈРП МРТ и постапуваат по нив, што пак во позитивна смисла ќе влијае на тековното работење во МРТ и ќе го подобри истото, односно ќе создаде можност за стабилност и сигурност во работата на куќата.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 65.000.000 денари или 4,6% од вкупните планирани приходи за 2024 година. Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини и тоа особено со откуп на правата за емитување на најзначајните содржини од областа на спортот, како и филмска, детска, документарна и друга програма која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2024 година преку сопствена продукција, копродукција како и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2024 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- приходи од наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2024 година се планираат во износ од 20.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,4%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои со Финансискиот план се планираат по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.000.000 денари.

**Приходи од донации како и од продажба на програма и реемтување во земјата и странство**

Приходите по основ на разни видови донации за 2024 година, како и по основ на продажба на програма и реемитување во земјата и странство се планирани во вкупен износ од 15.000.000 денари и истите учествуваат со 1,1% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2024 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2024 година во износ од 1.424.836.000 денари по сите основи, ќе бидат наменети за реализација на планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, а ќе се користат и за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Како и досега, планираните активности за 2024 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестирање во нова опрема и основни средства.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2024 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2024 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2023 година | Планирани приходи за 2024 година | Остварени приходи-2024 година (м.12.2024) | Планирани приходи за 2024 година со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура 2024 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 | 9 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 1,140,500,000 | 1,140,536,000 | 1,045,336,001 | 1,141,336,000 | 100.1 | 109.2 | 80.1 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 300,000,000 | 50,000,000 | 50,000,000 | 97,000,000 | 194.0 | 194.0 | 6.8 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 0 | 0 | 0 | 80,000,000 | 0.0 | 0.0 | 5.6 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 224,586 | 500,000 | 100.0 | 222.6 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 3,000,000 | 1,724,380 | 3,000,000 | 100.0 | 174.0 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство ( технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,123 | 2,000,000 | 100.0 | - | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години) | 15,000,000 | 20,000,000 | 9,686,118 | 20,000,000 | 100.0 | 206.5 | 1.4 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,500,000 | 1,000,000 | 0 | 1,000,000 | 100.0 | 0.0 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 20,000,000 | 65,000,000 | 33,603,566 | 65,000,000 | 100.0 | 193.4 | 4.6 |
| Приход од продажба на програма и реемитување во земјата и странство,донации и слично | 5,000,000 | 15,000,000 | 0 | 15,000,000 | 100.0 | 0.0 | 1.1 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,487,500,000** | **1,297,036,000** | **1,140,575,774** | **1,424,836,000** | **109.9** | **124.9** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

За реализација на сите планирани редовни и инвестициони активности во врска со тековното работење - создавање и емитување на програма во ЈРП МРТ во тековната 2024 година, вкупните расходи се планираат во ист обем како и вкупните приходи или вкупно 1.424.836.000 денари.

**Планот на расходи за 2024 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

### Трошоци на вработените

Групата трошоци на вработените во 2024 година првично беше планирана во вкупен износ од 596.450.000 денари но, со оваа измена на Финансискиот план истата се дополнува со 2.050.000 денри и тоа во во ставката Јубилејни награди за вработените а во согласност со последните измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ и сега има вкупен планиран износ од 598.500.000 денари. Покрај планираниот надоместок за јубилејни награди за вработените, во оваа група на трошоци се опфатени и бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2024 година е усогласена со минималната плата во државата и е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер како на пример сите поважни дневно информативни, културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации. Оттука, а поради зголемената потреба од службени патувања на екипите на МРТ надвор од земјата за програмски цели, со ова изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ првично планираниот вкупен износ од 11.350.000 денари кај оваа група на трошоци се дополнува со 1.500.000 денари токму во ставката Дневници и ноќевања за службени патувања во странство и сега, кај оваа група на трошоци се планираат вкупно 12.850.000 денари.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци се планира на вкупен износ од 199.240.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ а истата има вкупен планиран износ од 2.350.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за канцелариски и печатарски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема. За набавка на споменатите материјали во текот на годината оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 1.640.000 денари.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво. Со изменувањето на Финансискиот план а согласно остварувањето во изминатиот период, првично планираниот износ од 16.000.000 денари кај ставката топлотна енергија се дополнува за 2.000.000 денари и сега има планиран износ од 18.000.000 денари, со што се дополнува и вкупниот планиран износ кај оваа група на трошоци кој сега изнесува 57.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Согласно остварувањето во изминатиот период оваа група на трошоци се дополнува со 200.000 денари, и сега истата се планира во вкупен износ од 1.200.000 денари. Според законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Оваа група опфаќа трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот. Меѓутоа, со изменувањето на Финансискиот план на МРТ оваа група на трошоци се намалува за 2.000.000 денари и тоа кај првично планираниот износ за аудио и видео линии а како резултат на досегашната реализација кај оваа ставка и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 16.100.000 денари.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично а истата има вкупен планиран износ од 22.050.000 денари.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила. Со ова изменување на Финансискиот план за 2024 година, а согласно досегашната реализација првично планираниот износ од 3.500.000 денари за трошоци за вода се зголемува за 1.100.000 денари и сега изнесува 4.600.000 денари, додека пак, целата група на трошоци за комунални услуги има вкупен планиран износ од 5.910.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2024 година планирани се средства во вкупен износ од 1.450.000 денари а опфатени се услугите за регистрација на возила, за објава на огласи и конкурси, потоа услугите за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

За амортизација на опремата која веќе е набавена и ставена во употреба како и за амортизација на опремата која се набавува во рамки на редовните инвестициони активности за 2024 година се планираат вкупно 43.190.000 денари.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2024 година планирани се вкупно 200.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2024 година се планираат средства во вкупен износ од 1.350.000 денари.

***Премии за осигурување***

За осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2024 година се планираат средства во вкупен износ од 2.450.000 денари.

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2024 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 610.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа група спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија, а истите се планираат во вкупен износ од 460.000 денари.

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврден начинот на пресметка на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2024 година е планирана во вкупен износ од 10.000.000 денари.

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Групата трошоци за даноци (задржан данок и сл.), данок на приход за исплати во странство при откуп на програма како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2024 година, поради потребата од дополнителни средства а согласно досегашната реализација, се дополнува за 1.100.000 денари и сега кај оваа група на трошоци се планираат вкупно 6.300.000 денари.

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2024 година планирани се вкупно 100.000 денари.

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години беа планирани во висина од 7.350.000 денари меѓутоа, со оглед на фактот дека тие се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работењето на МРТ но за нив се доставени и сметководствено евидентирани фактури во тековната 2024 година и истите бележат повисока реализација, со оваа измена на Финансискиот план првично планираниот износ се дополнува со 1.150.000 денари и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 8.500.000 денари.

***Камати од работење и затезни камати***

Трошоците за камати од редовното работење и затезни камати за 2024 година беа планирани во износ од 7.400.000 денари. Меѓутоа, во насока на подмирување на заостанатите обврски по основ на камати кои произлегуваат од застарени долгови а кои МРТ досега не беше во можност да ги сервисира поради континуираниот недостиг на финансиски средства, со ова измеување на Финансискиот план се врши дополнување на оваа ставка во износ од 5.600.000 денари и сега по основ на трошоци за камати од работење и затезни камати се планира реализација во вкупен износ од 13.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики што произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ пред се за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2024 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци кои во тековната 2024 година се планира да се реализираат во врска со откуп на права за емитување на играна филмска, анимирана детска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области (образовни емисии, забавни емисии, детска програма, квизови), трошоци за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како Лига на шампиони во фудбал, европски првенства во ракомет, кошарка, фудбал, ЛОИ 2024 година, УЕФА ЕУРО, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина за повозрасните како и продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Согласно потребата од дополнителни финансиски средства за реализација на сите планирани програмски содржини во тековната 2024 година, оваа категорија на трошоци се дополнува со средства во износ од 121.500.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 510.350.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци се планира во вкупен износ од 77.896.000 денари, а во неа спаѓаат следните видови трошоци:

***<u>Наемнини</u>***

Оваа група опфаќа трошоци за изнајмување на опрема за реализација на разни видови програмски цели како прием, пренос и емитување на настани кои се одржуваат надвор од МРТ а за кои би се јавила потреба во рамки на тековното работење на МРТ и истата се планира во вкупен износ од 1.300.000 денари.

***<u>Други трошоци од работење</u>***

Оваа група на трошоци беше планирана во вкупен износ од 40.700.000 денари, но со ова изменување на Финансискиот план на МРТ истата се намалува за 2.500.000 денари и тоа кај ставката Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето се јавува недостиг од кадар

потребен за извршување на редовните работни задачи и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 38.200.000 денари;

Инаку, покрај споменатите трошоци, оваа група ги опфаќа уште и трошоците за:

- Технички услуги,
- Адвокатски и нотарски услуги,
- Ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, трошоци за сателитски сегмент, услуги за вештачење, интелектуални услуги,
- Трошоци за прием и емитување за Евросонг 2024 година, како и трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2024 година.

***<u>Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги</u>***

Со Финансискиот план за 2024 година во оваа група се планираат вкупно 38.296.000 денари. Оваа група опфаќа годишни членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, трошоци за мало авторско право ЗАМП, котизации, трошоци за акредитации и трошоците за надомест кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност.

***<u>Материјали и услуги за дигитализација</u>***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2024 година планирани се средства во вкупен износ од 100.000 денари.

## Инвестиции

За набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2024 година беа планирани 30.000.000 денари, но со ова изменување на Финансискиот план а согласно досегашната реализација, споменатиот износ се намалува за 4.000.000 денари сега оваа ставка е планирана во вкупен износ од 26.000.000 денари кои се наменети за набавка на нова аудио и видео опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење на МРТ.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2024 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2024 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2023г. | Финансиски план за 2024г. | Остварување според прокнижена документација (м.12/2024) | Финансиски план за 2024г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати | 505,000,000 | 570,000,000 | 512,837,932 | 570,000,000 | 100.0 | 111.1 |
| Регрес за годишен одмор | 17,000,000 | 18,200,000 | 17,775,964 | 18,200,000 | 100.0 | 102.4 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,500,000 | 3,000,000 | 1,927,836 | 3,000,000 | 100.0 | 155.6 |
| Други лични примања (останати надоместоци за вработени) | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,238,825 | 2,000,000 | 100.0 | 161.4 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,200,000 | 2,250,000 | 730,735 | 4,300,000 | 191.1 | 588.4 |
| Трошоци за здравствени услуги | 650,000 | 650,000 | 632,654 | 650,000 | 100.0 | 102.7 |
| Трошоци за едукација | 350,000 | 350,000 | 26,904 | 350,000 | 100.0 | 1,300.9 |
| **Вкупно 1** | **527,700,000** | **596,450,000** | **535,170,850** | **598,500,000** | **100.3** | **111.8** |
| ***2) Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 3,400,000 | 3,000,000 | 1,626,029 | 3,000,000 | 100.0 | 184.5 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5,000,000 | 4,000,000 | 3,757,293 | 5,500,000 | 137.5 | 146.4 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 7,211 | 100,000 | 100.0 | 1,386.8 |
| Превоз за службени патувања во странство | 1,800,000 | 3,300,000 | 2,060,425 | 3,300,000 | 100.0 | 160.2 |
| Сопствено возило за службени потреби | 500,000 | 400,000 | 52,766 | 400,000 | 100.0 | 758.1 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 200,000 | 250,000 | 138,737 | 250,000 | 100.0 | 180.2 |
| **Вкупно 2** | **11,000,000** | **11,050,000** | **7,642,461** | **12,550,000** | **113.6** | **164.2** |
| ***3) Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси и слично | 300,000 | 300,000 | 15,760 | 300,000 | 100.0 | 1,903.6 |
| **Вкупно 3** | **300,000** | **300,000** | **15,760** | **300,000** | **100.0** | **1,903.6** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **11,300,000** | **11,350,000** | **7,658,221** | **12,850,000** | **113.2** | **167.8** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4) Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 700,000 | 700,000 | 450,824 | 700,000 | 100.0 | 155.3 |
| Технички материјал | 2,100,000 | 1,350,000 | 1,043,745 | 1,350,000 | 100.0 | 129.3 |
| Материјал за поправка и одржување | 300,000 | 300,000 | 16,709 | 300,000 | 100.0 | 1,795.4 |
| **Вкупно 4** | **3,100,000** | **2,350,000** | **1,511,278** | **2,350,000** | **100.0** | **155.5** |
| ***5) Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,800,000 | 1,300,000 | 1,016,274 | 1,300,000 | 100.0 | 127.9 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 200,000 | 250,000 | 37,326 | 250,000 | 100.0 | 669.8 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 300,000 | 90,000 | 0 | 90,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **2,300,000** | **1,640,000** | **1,053,600** | **1,640,000** | **100.0** | **155.7** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2023г. | Финансиски план за 2024г. | Остварување според прокнижена документација (м.12/2024) | Финансиски план за 2024г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***6) Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 60,000,000 | 36,000,000 | 19,206,586 | 36,000,000 | 100.0 | 187.4 |
| Трошоци за топлотна енергија | 18,000,000 | 16,000,000 | 12,402,068 | 18,000,000 | 112.5 | 145.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,500,000 | 3,500,000 | 1,621,725 | 3,500,000 | 100.0 | 215.8 |
| **Вкупно 6** | **81,500,000** | **55,500,000** | **33,230,379** | **57,500,000** | **103.6** | **173.0** |
| ***7) Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 4,000,000 | 1,000,000 | 1,016,653 | 1,200,000 | 120.0 | 118.0 |
| **Вкупно 7** | **4,000,000** | **1,000,000** | **1,016,653** | **1,200,000** | **120.0** | **118.0** |
| ***8) Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 600,000 | 600,000 | 370,899 | 600,000 | 100.0 | 161.8 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2,000,000 | 4,400,000 | 1,914,014 | 4,400,000 | 100.0 | 229.9 |
| Трошоци за интернет | 800,000 | 800,000 | 753,076 | 800,000 | 100.0 | 106.2 |
| Поштарина | 300,000 | 300,000 | 117,198 | 300,000 | 100.0 | 256.0 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 12,000,000 | 12,000,000 | 5,927,915 | 10,000,000 | 83.3 | 168.7 |
| **Вкупно 8** | **15,700,000** | **18,100,000** | **9,083,102** | **16,100,000** | **89.0** | **177.3** |
| ***9) Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4,500,000 | 5,200,000 | 4,019,940 | 5,200,000 | 100.0 | 129.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 10,000,000 | 8,700,000 | 4,807,916 | 8,700,000 | 100.0 | 181.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 4,000,000 | 1,600,000 | 1,170,972 | 1,600,000 | 100.0 | 136.6 |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 1,000,000 | 317,573 | 1,000,000 | 100.0 | 314.9 |
| Одржување на GPS,алат, ситен инвентар и автогуми | 100,000 | 150,000 | 41,630 | 150,000 | 100.0 | 360.3 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 917,062 | 1,000,000 | 100.0 | 109.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,700,000 | 4,400,000 | 3,671,855 | 4,400,000 | 100.0 | 119.8 |
| **Вкупно 9** | **25,800,000** | **22,050,000** | **14,946,948** | **22,050,000** | **100.0** | **147.5** |
| ***10) Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 | 30,000 | 180 | 30,000 | 100.0 | - |
| Дератизација и дезинфекција | 250,000 | 280,000 | 128,532 | 280,000 | 100.0 | 217.8 |
| Трошоци за ѓубретарина | 950,000 | 1,000,000 | 693,310 | 1,000,000 | 100.0 | 144.2 |
| Трошоци за вода | 3,800,000 | 3,500,000 | 3,691,498 | 4,600,000 | 131.4 | 124.6 |
| **Вкупно 10** | **5,030,000** | **4,810,000** | **4,513,520** | **5,910,000** | **122.9** | **130.9** |
| ***11) Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и др. | 0 | 100,000 | 10,413 | 100,000 | 100.0 | 960.3 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 800,000 | 500,000 | 175,644 | 500,000 | 100.0 | 284.7 |
| Трошоци за регистрација на возила | 300,000 | 400,000 | 119,982 | 400,000 | 100.0 | 333.4 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 150,000 | 100,000 | 9,535 | 100,000 | 100.0 | 1,048.8 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 165,898 | 350,000 | 100.0 | 211.0 |
| **Вкупно 11** | **1,600,000** | **1,450,000** | **481,472** | **1,450,000** | **100.0** | **301.2** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2023г. | Финансиски план за 2024г. | Остварување според прокнижена документација (м.12/2024) | Финансиски план за 2024г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 60,000,000 | 43,190,000 | 27,019,730 | 43,190,000 | 100.0 | 159.8 |
| **Вкупно 12** | **60,000,000** | **43,190,000** | **27,019,730** | **43,190,000** | **100.0** | **159.8** |
| ***13) Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 200,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **200,000** | **200,000** | **0** | **200,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***14) Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 800,000 | 1,350,000 | 937,023 | 1,350,000 | 100.0 | 144.1 |
| Трошоци за организирање на настани | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 14** | **1,800,000** | **1,350,000** | **937,023** | **1,350,000** | **100.0** | **144.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,500,000 | 2,450,000 | 1,289,142 | 2,450,000 | 100.0 | 190.0 |
| **Вкупно 15** | **1,500,000** | **2,450,000** | **1,289,142** | **2,450,000** | **100.0** | **190.0** |
| ***16) Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100.0 | 100.0 |
| Банкарски услуги | 550,000 | 500,000 | 478,026 | 600,000 | 120.0 | 125.5 |
| **Вкупно 16** | **560,000** | **510,000** | **488,026** | **610,000** | **119.6** | **125.0** |
| ***17) Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 100,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 120,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 50,000 | 110,000 | 56,200 | 110,000 | 100.0 | 195.7 |
| **Вкупно 17** | **270,000** | **460,000** | **56,200** | **460,000** | **100.0** | **818.5** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на НО и Совет | 10,000,000 | 10,000,000 | 7,418,041 | 10,000,000 | 100.0 | 134.8 |
| **Вкупно 18** | **10,000,000** | **10,000,000** | **7,418,041** | **10,000,000** | **100.0** | **134.8** |
| ***19) Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци (задржан данок на странски правни лица при откуп на програма, данок на имот и сл.) | 4,400,000 | 5,000,000 | 4,303,940 | 6,000,000 | 120.0 | 139.4 |
| Судски трошоци и административни такси | 200,000 | 200,000 | 230,894 | 300,000 | 150.0 | 129.9 |
| **Вкупно 19** | **4,600,000** | **5,200,000** | **4,534,834** | **6,300,000** | **121.2** | **138.9** |
| ***20) Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 100,000 | 100,000 | 45,635 | 100,000 | 100.0 | 219.1 |
| **Вкупно 20** | **100,000** | **100,000** | **45,635** | **100,000** | **100.0** | **219.1** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2023г. | Финансиски план за 2024г. | Остварување според прокнижена документација (м.12/2024) | Финансиски план за 2024г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години и останати расходи од работење*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 2,000,000 | 7,350,000 | 8,410,126 | 8,500,000 | 115.6 | 101.1 |
| **Вкупно 21** | **2,000,000** | **7,350,000** | **8,410,126** | **8,500,000** | **115.6** | **101.1** |
| ***22) Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,500,000 | 7,400,000 | 9,193,535 | 13,000,000 | 175.7 | 141.4 |
| **Вкупно 22** | **5,500,000** | **7,400,000** | **9,193,535** | **13,000,000** | **175.7** | **141.4** |
| ***23) Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,000,000 | 4,000,000 | 1,481,932 | 4,000,000 | 100.0 | 269.9 |
| **Вкупно 23** | **4,000,000** | **4,000,000** | **1,481,932** | **4,000,000** | **100.0** | **269.9** |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 880,000 | 406,867 | 880,000 | 100.0 | 216.3 |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **880,000** | **406,867** | **880,000** | **100.0** | **216.3** |
| **Вкупно Заеднички трошоци** | **230,440,000** | **189,990,000** | **127,118,043** | **199,240,000** | **104.9** | **156.7** |
| ***25) Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 65,930,000 | 29,500,000 | 20,919,090 | 65,000,000 | 220.3 | 310.7 |
| Останати програмски права | 131,400,000 | 88,500,000 | 80,388,458 | 120,500,000 | 136.2 | 149.9 |
| Надомест за фестивали | 400,000 | 550,000 | 498,909 | 550,000 | 100.0 | 110.2 |
| Права за спортски настани | 109,000,000 | 94,854,000 | 86,357,879 | 94,854,000 | 100.0 | 109.8 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 209,500,000 | 175,446,000 | 140,562,346 | 229,446,000 | 130.8 | 163.2 |
| **Вкупно 25** | **517,230,000** | **388,850,000** | **328,726,682** | **510,350,000** | **131.2** | **155.3** |
| **Останати трошоци** | | | | | | |
| ***26) Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 18,500,000 | 1,300,000 | 1,047,590 | 1,300,000 | 100.0 | 124.1 |
| **Вкупно 26** | **18,500,000** | **1,300,000** | **1,047,590** | **1,300,000** | **100.0** | **124.1** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 400,000 | 650,000 | 502,586 | 650,000 | 100.0 | 129.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 817,740 | 1,000,000 | 100.0 | 122.3 |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 100,000 | 29,500 | 100,000 | 100.0 | 339.0 |
| Технички услуги | 600,000 | 6,400,000 | 6,349,454 | 6,400,000 | 100.0 | 100.8 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 300,000 | 200,000 | 14,695 | 200,000 | 100.0 | 1,361.0 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 0 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 32,000,000 | 30,500,000 | 20,472,421 | 28,000,000 | 91.8 | 136.8 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,254,280 | 1,500,000 | 100.0 | 119.6 |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 200,000 | 5,469 | 200,000 | 100.0 | 3,657.0 |
| Сателитски сегмент | 2,150,000 | 100,000 | 41,789 | 100,000 | 100.0 | 239.3 |
| **Вкупно 27** | **38,250,000** | **40,700,000** | **29,487,934** | **38,200,000** | **93.9** | **129.5** |

# МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2023г. | Финансиски план за 2024г. | Остварување според прокнижена документација (м.12/2024) | Финансиски план за 2024г. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***28) Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 16,000,000 | 16,000,000 | 15,642,275 | 16,000,000 | 100.0 | 102.3 |
| Котизации и акредитации | 110,000 | 300,000 | 37,581 | 300,000 | 100.0 | 798.3 |
| Мало авторско право (ЗАМП, ММИ) | 17,800,000 | 18,500,000 | 12,571,780 | 18,500,000 | 100.0 | 147.2 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 5,800,000 | 3,496,000 | 3,413,887 | 3,496,000 | 100.0 | 102.4 |
| **Вкупно 28** | **39,710,000** | **38,296,000** | **31,665,523** | **38,296,000** | **100.0** | **120.9** |
| ***29) Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 120,000 | 100,000 | 7,500 | 100,000 | 100.0 | 1,333.3 |
| **Вкупно 29** | **120,000** | **100,000** | **7,500** | **100,000** | **100.0** | **1,333.3** |
| **Вкупно Останати трошоци** | **96,580,000** | **80,396,000** | **62,208,547** | **77,896,000** | **96.9** | **125.2** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 29)** | **1,383,250,000** | **1,267,036,000** | **1,060,882,343** | **1,398,836,000** | **110.4** | **131.9** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 104,150,000 | 30,000,000 | **22,057,287** | 26,000,000 | 86.7 | 117.9 |
| **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **104,150,000** | **30,000,000** | **22,057,287** | **26,000,000** | **86.7** | **117.9** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1,487,400,000** | **1,297,036,000** | **1,082,939,630** | **1,424,836,000** | **109.9** | **131.6** |

Скопје, Декември 2024 година

Директор на ЈРП МРТ

-------------------------------------

Марјан Цветковски